Мито Јоан Аврамовски ( 1908 - 1952), завршил богословско-учителска школа во Призрен и кој како учител по руски јазик во Гевгелија бил убиен 1952 год. од УДБА за време на Информбирото. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 96-104, Р. бр. 17, стр. 39 - 40 и стр. 47-49, Р. бр.18, стр. стр. 107, Р. бр. 19, стр.14- 17 и Р. бр. 25, стр. 134 и 187-188 ).
Мирко Симов Аврамовски (1939 -2025), беше предавач на Економски факултет, Скопје ( Р. бр. 12 и 14, стр. 96 -104, Р. бр. 19, стр.143 – 156 и стр. 157-167 и Р. бр. 25, стр. 137 ).
Иван Тодев Аврамовски ( 1944 - ), беше член на ЦК на КПМ и член на Претседателството на ЦК КПМ, беше пратеник во сојузниот Собор на Здружен труд во Собранието на СФР Југославија и пратеник во Соборот на здружен труд во Собранието на Социјалистичка Република Македонија ( 1986-1991). Види, ( Р. бр. 25, стр. 112-113 ).
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 61, 98, 107, 180, 221, 231, ), **Дабоќеej, Јурекооj, Кашамееj, Пашини, Сирмини, Споменик,**



Мито + | Душан + | Мирко + | Иван | Раско | Љупчо | Бранко



Бошко | Симо | Јошо + | Крсто | Благоја | Љупчо | Загорка

# 22. Коачооj

**Коачооj** е **стар род** во Лешок, а слава е **Св. Ѓорѓија**. Овој род има куќи и ниви во Лешок и во Варвара. Овој род во минатото имал познати мајстори што изработувале квалитетни метални предмети. Родот Коачооj имал **ковачка** работилница и **воденца** на север од Лешочкото Кале и затоа и местото се вика **Коачница**. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 88 - 91, Р. бр. 18, стр. 112-113 и Р. бр. 25, стр. 93-94, 107 и 153-154 ).
Од родот Коачооj, кои во моето детство живееја во Лешок со своите семејства, Јас, ги знам следните лица: Јоанче, Веселин(Ецо), Тоде, Боќе, Круме, Стамат, Крсто, а подоцна се доселија од Варвара во Лешок и Никола и Стојан.
**Јоанче** Ристов Божиновски има 5 деца: Кристе, Среќко, Сребренка, Грозда и Слободанка(Цоба), кои ги внесов во родот Јурекооj кој во Лешок така гиословувавме и се издвојува од родот Коачооj, иако имаат заедничко потекло. Види, ( Род Јурекооj- Ред. бр. 18).
**Веселин**(Ецо) Блажев Божиновски со сопругата Перса од родот Пашини од Лешок имаат пет деца: Божин, Иљо, Живко, Мирко, Иванка и Загорка.
**Божин** има две ќерки Гордана и Даниела. Божин живе во Германија и изгради нова куќа во Лешок. **Иљо** со сопругата Елена од Прилеп има син Владо и ќерка Елизабета. Владо со сопругата Патриција има три деца: Ванеса, Марјан и Катерина, од кои Ванеса е мажена и има ќерка Анастасија. Ќерката Елизабета е мажена со Зајко Ханзиќ од Нови Пазар и имаат три деца: Илија, Мелиса и Ален. **Живко** со сопругата Трпка имаат две ќерки Тања и Ирина. Живко изгради куќа на

Збирало и живее во Лешок. **Мирко** со сопругата Снежана, потекло од Егејска Македонија имаат три деца: Весна, Јасминка и Јасре. Весна е стоматолог и со мажот Дејан од Охрид, живеат во Скопје и имаат син Лазар и ќерка Дејана. Јасминка е лекар и со мажот Трајче од Штип имаат ќерка Бисера и син Младен. Јасре е лекар и работи во Болницата во Лешок и сеуште не е оженет. Мирко живее во Лешок во куќата наследена од родителите. За **Иванка** и **Загорка** не располагам со податоци.

**Тоде** Блажев има четири деца: Томе, Дракче, Драгица и Марица. **Томе** Ѓорѓевски има син Марјан и ќерка Даниела. Томе прво работеше како воено лице во ЈНА, а потоа се префрли како професор во Гимназија во Гостивар. **Дракче** со сопругата Ружа имаат син Андреа и ќерка Јованка. Дракче Ѓорѓевски е професор во Гимназија, Тетово, а неговата сопруга Ружа е професор во УМЦ Никола Штњејн и др. училишта. Ружа беше пратеник во Собранието на РМ. Синот Андреа е професор во Медицинско училиште, Тетово и со сопругата Горица од Тетово имаат син Марко и ќерка Ева, а Јованка со сопругот Игор од Тетово имаат ќерка Веда.

**Боќе** Блажев е отселен во Вараждин и немам податоци за семејството и **Круме** Блажев се отселува во Тетово и има три деца: Санко, Благе и Митра.

**Стамат** Божиновски со Бога Онуфриевска ( 57), ќерка на поп Ѓиго од родот Лалошооj од Лешок ( Род Лалошооj – Р. бр. 28 ) имаат 4 деца: Павле(428), Јагода(429), Љуба(430) и Борка(431).

**Крсто** Ковачевски и Зора имаат син Ѓоко и ќерка Васка.Ѓоко има син Јовица и ќерка Зорица.

**Никола** Анѓелковски има два сина Трпко и Митко. Во 1964 година од Варвара се доселија во Лешок Никола со синовите Митко и Трпко, на местото на Тоде од родот Дардаљеej, кои се преселија во Ѓорче Петров. Трпко има син Здравко и ќерки Блага и Велика и остана во Лешок, а Митко Берберот со Грозда од Сибинооj од Долно маало има ќерки Татијана и Даниела и син Томе и се отсели во Детроит. Денес во Лешок живее Здравко со синот Стефан Трпковски, кој е женет и има две синчиња-близначиња.

**Стојан** Апостолов Анѓелковаски има три сина Јордан, Љубе и Петко, кои се отселија во Детроит.

Од Коачооj од Лешок би ги издвоил браќата Томе Т. Ѓорѓевски, кој беше воено лице во ЈНА, а после беше професор во Гимназија, Гостивар, Дракче Т. Ѓорѓевски, кој беше професор по македонски јазик во Гимназијата К. Пејчиновиќ, Тетово и синот Андреа кој е професор во Медицинско На Дракче жената Ружа е професор и беше и пратеник во Собранието на Македонија. Види, (Р. бр. 12 и 14, стр. 151-155, Р. бр. 18, стр.112-113, Р. бр. 19, стр. 37-43 и Р. бр. 25, стр.64-66, 93-94 и 153-154 ).

Нашиот стар кум од Слатина Косте Ѓоровски, има потекло од родот Коачооj. До мојата нова куќа на Кале, имаат ливада со костени и ореви Мирко Ецов Божиновски, кој е од родот Коачооj.

Од овој род е Стамат, кој беше женет со Бога, ќерка на поп Ѓиго од Лалошооj од Лешок и имаат син Павле и три ќерки Јагода, Љубица и Бора. Павле има син Синиша и ќерка Светлана.

Од овој род моја генерација 1949/50 год. и заедно учевме со Иљо Божиновски -Еца и Васка К. Ковачевска, како и со Петранка. Љ. Божиновска и Јордан (Јован) С. Анѓелковски, кој од Варвара се преселија во Долно маало. Иљо замина во Виена, изгради куќа во Лешок и загина во сообраќајна несреќа. Јордан со семејството замина во Виндзор, Канада и во 2022 година почина. ( Р. бр.12 и 14, стр. 50-54, 137, 143, 149 и 150, Р. бр. 19, стр.25-64, Р. бр. 18, стр, 112-113 и Р. бр.25, стр. 52-67).

**в. Речник,**(Р.бр.18, стр.37-38,44,62 и 112-113,),**Коачница, род, слава, Варвара, воденце, Дардаљеej,**



| Митко | Илија + | Мирко | Петранка | Ѓоко + | Јован + | Дракче + | Стамат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

xxx

|  |  |  |  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Павле | Живко | Томе + | Петко | Здравко | Јасминка | Јовица | |

xxx

|  |  |  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Владо | Стефан | Марјан | Јасре | Андреа | Весна | |

# 23. Кокооj

**Кокооj** се **нов** род од Лешок, кои се доселени од Варвара, а домашна слава е **Св. Ѓорѓија.** Куќата им е на југ под Костоо и на исток до Бучејца. Се сретнува како Запрљеej, Ѓољакооj, Цокелооj и Јанини, кои се доселени од Сетоле или Тримчееј доселени од Варвара. Потребно е потомците да ја утврдат фактичката состојба, дали се работи за еден род или за неколку. Види, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 91-92, Р. бр. 18, стр. 113-114 и Р. бр. 25, стр. 104 ).

Од овој род од постарите ги познавам браќата: **Боро**, **Јоше** и **Славе** и две сестри **Миљана** и **Коца**.

**Боро** со сопругата Менча, од првиот брак имаше четири сина: Делко, Ќирко, Божин и Велико и една ќерка Десанка, а од вториот брак сопругата од Хрватска, му донесе син Славко. Од овој род некои лица се презиваат Стојчевски, а некои Кировски.

**Делко** Стојчевски (1934-1993) отиде за домазет кај сопругата Душанка, односно кај Тоде од родот Љешкооj од Лешок. Делко има син Борче и ќерка Дивна. Борче со сопругата Гордана имаат два сина Владимир и Душко, а ќерката Дивна со мажот Лазо од родот Цинцарооj од Лешок имаат син Стојанче и ќерка Елена.

**Ќирко** се отсели во Ѓорче Петров. Ќирко со Јагода Божиновска(429) од родот Лалошооj имаат син Живко и ќерка Виолета и еден вонбрачен син Пепи. Живко Кировски, со Виолета имаат два сина: Давор и Денис. Виолета е мажена со Среќко од Табановце, Куманово.

**Божин** се пресели во Скопје и со сопругата Милица од Кавадарци имаат два сина Влатко и Тони. Тони Кировски со жената Елида, потекло од Егејска Македонија имаат два сина Божидар и Никола. Тони има дуќан во Чаир.

**Велико** Стојчески се пресели во Скопје. Велико прво работеше како воено лице во Армијата на СФРЈ и се пензионира како пуковник во АРМ. Велико со сопругата Радмила од Скопје имаат две деца Игор и Наташа. Игор Стојчески со сопругата Милена од Скопје имаат ќерка Марија. Игор е професор по историја и магистер по бизнис информатика, а работи во општина во одделение за жалби и поплаки. Наташа е економист и проценител, а магистер е по менаџмент на човечки ресурси. Има сопствен консалтинг за проценки.

**Десанка** (Деса) Ристовска, живее во Скопје, со мажот Томе имаат ќерка Весна и син Љупчо. Весна има син Александар, кој живее во Германија. Весна Димитриевска Ристовска е професор на Филолошки факултет, Скопје. На 23 април 2026 година, разговарав со Десанка, родена во Лешок а која лично ја знам, како и со Весна, нејзината ќерка. Весна првично ми рече дека принципиелно не